Тип на документ:
Подзаконски акт
Број на Службен весник:
74/2011
Датум на објавување:
2.6.11

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 41 став (6) од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11 и 53/11), министерот за транспорт и врски, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕИЗДАДЕНА ДОЗВОЛА ОДНОСНО НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради неиздадена дозвола односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола во рокот утврден во член 41 став (4) од Законот за јавните патишта.

## Член 2

Барањето од член 1 од овој Правилник се поднесува на образец „Барање заради неиздадена дозвола односно недонесување на решение за одбивање на барањето издавање на дозвола“ во формат А-4 во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Образецот содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, место за број и датум, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице односно име и презиме на физичкото лице - подносител на барањето, седиште на правното лице односно адреса на физичкото лице - подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето и место за потпис на подносителот на барањето.

Кон барањето од став 1 на овој член се поднесува копие од барањето за издавање дозвола.

## Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-7282/1
25 мај 2011 година
Скопје

Министер,
**Миле Јанакиески** , с.р.

До Писарницата на Директорот на Агенцијата за државни патишта

**Б А Р А Њ Е**

зарради неиздадена дозвола односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола

Од ________________________________________________________________
**( назив на правно лице /име и презиме на физичко лице)**

___________________________________________________________________
**(седиште на право лице / адреса на физичко лице)**

**Краток опис поради што се поднесува барањето:**

Молам директорот на Агенцијата за државни патишта да постапи по барањето за издавање на дозвола утврдена согласно член 41 став 7 од Законот за јавните патишта поднесено под број ________ од__________ до Агенцијата за државни патишта, чија копија се доставува во прилог.

**Датум и место на поднесување** **Барател**

______________________________ ____________________